*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 65| Година X | јули - август 2015 г. | *Весник на Општина Аеродром*




Министерство за култура на Република Македонија

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ НА НАСТАВА ВО ЛОНДОН ...... 3

АКТИВНОСТИ ............................................................4 - 15

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ..................... 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ........................................................ 18 - 19

ТЕАТАР.........................................................................20

ЗАБАВА........................................................................21

ЗДРАВЈЕ ..................................................................... 22 - 23

СТИЛ ............................................................................ 24 - 25

ЖИВОТ........................................................................ 26 - 27

СПОРТ ......................................................................... 28 - 29

ПИСМА ..........................................................................30

ИНФО ............................................................................31

**ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:**

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот

Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавноста и меѓународна соработка

**Лектор**
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Дизајн**
Кристина Јорданова
Даниела Чабуковска

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Ивица Коневски

**Печати**
Графички центар-Скопје

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје



# НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ НА НАСТАВА ВО ЛОНДОН




На иницијатива на градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, од 14-ти до 20-ти јуни 2015 година, 15-те најдобри ученици од сите основни училишта во Општина Аеродром ќе ја посетат збратимената Општина Вандсворт во Лондон, каде што ќе посетуваат настава во училиштето Брнтвуд.

Проектот го промовираа градоначалникот Коневски и амбасадорот на Велика Британија во Република Македонија, Чарлс Гарет, кој на прес-конференцијата на 9.6.2015 година, изјави дека е „горд што учениците од Општина Аеродром ќе имаат можност да го посетат училиштето каде што учеше и мојата ќерка Флоренс“.

За време на наставата во училиштето во лондонската општина Вандсворт учениците придружувани од еден одговорен наставник ќе имаат можност да ја посетуваат наставата кај своите врсници и да се запознаат со нивниот воспитно-образовен систем, односно со нивните наставни програми и со начинот на одржување на наставата. Тие ќе бидат сместени кај семејствата на своите соученички, така што ќе можат да дознаат повеќе за обичаите, навиките и начинот на живот во Велика Британија.

Се очекува посетата да ја зајакне соработката меѓу двете општини и да им овозможи размена на искуства и вредности меѓу учениците и стекнување нови другарчиња.

Ова е на некој начин возвратна посета, со оглед на неодамнешниот престој на десетина ученици од Вандсворт и Карловац во Општина Аеродром во рамки на проектот „Размена на вредности“, кој беше финансиран од Европската унија.

Со цел ваквата практика да прерасне во традиција, Општина Аеродром и во иднина ќе организира посета на најдобрите ученици на Лондон и нивно учество во воспитно-образовниот процес во училиштата на збратимената лондонска општина.

„Многу сум среќна што Општина Аеродром ме избра да одам во Лондон и што ќе ја запознаам нивната култура и нивниот систем на образование, а ќе стекнам нови пријателства“, изјави седмоодделенката Делфина Филева од ОУ „Александар Македонски“, една од учениците што ќе патуваат за Лондон.

### Од 20-ти до 30-ти јуни по вторпат во Општина Аеродром

# МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА „ГОЛА МЕСЕЧИНА“



На отворена сцена поставена во фудбалското игралиште до детската градинка „Сонце“ во Реонски центар „Аеродром“ од 20.6.2015 година до 30.6.2015 година по вторпат ќе се одржи Меѓународниот фестивал на комедијата „Гола месечина“.

Фестивалот се отвора со претставата „Стјуардеси“, а завршува со стендап комедијата на Никола Тодороски.

За време на фестивалот публиката ќе може да ужива во девет претстави од Македонија и од странство.

Сите претстави почнуваат во 21:00 часот, а влезот за граѓаните е бесплатен.

Меѓународниот фестивал „Гола Месечина“ има натпреварувачки карактер, со трилена жири комисија. Се доделуваат четири парични награди и тоа награда за најдобра режија, за најдобра машка и за најдобра женска улога, како и гран при за најдобра претстава.

Фестивалот годинава се одржува по вторпат и има тенденција да прерасне во традиционална манифестација со оглед на тоа што минатата година наиде на одличен одзив кај публиката, кога за претставите се бараше столче повеќе.

Инаку, фестивалот го организира Театар Комедија со финансиска поддршка на Општина Аеродром и Министерството за култура.

**СТЈУАРДЕСИ**
**20.06. (сабота)**

„Боинг боинг“ е оригиналното име на текстот на Марк Камолети, кој веќе е влезен во Гинисовата книга на рекорди како еден од најизведуваните текстови. Дејствието на пиесата се одвива околу еден архитект-плејбој -Бернард, кој смета дека ја нашол формулата за совршен ергенски живот и неговите три девојки-стјуардеси.

**ДАМИТЕ БИРААТ**
**21.06. (недела)**

Оваа претстава зборува за група невработени млади момчиња, кои земаат огласник, во кој се обидуваат да најдат оглас за вработување, а вниманието им го задржува еден оглас, со кој се бараат танцувачи за диско-клуб. Момчињата ќе го прифатат предизвикот и ќе почнат макотрпно да вежбаат со нивната тренерка.

**СПАНАЌ СО ПРЖЕНИ КОМПИРИ**
**22.06 (понеделник)**

Претставата е современа комедија со одредени мелодрамски моменти, која ги третира современите проблеми на обичниот човек и ги опишува проблемите, со кои се соочуваат тројца фудбалски судии за време на еден натпревар.

**ШУМА 23.06. (вторник)**

Дело кое ги поставува вечните прашања за човечките односи, обидувајќи се да го реши проблемот меѓу моралното и неморалното, особено мрачно обликувајќи ги ликовите на руската аристократија. Публиката ќе може да погледне една поинаква комедија специфична по својот израз. Приказна за љубовта на Аксјуша, моралните вредности на Раиса Павловна, желбата за подобар живот на Буланов, богатењето на Восмибратов и убавината на животот на Несреќников.

**ОД КОЛ НА КОЛ 24.06. (среда)**

Оваа претстава е најизведувана претстава на Народен театар „Војдан Чернодрински“, претстава создадена од мајсторот за хит-комедии Коле Ангеловски, според текст на еден од најпоставуваните автори Реј Куни. Оваа изведба на „Од кол на кол“ ќе биде 101-ва изведба на претставата.

**ЧОЛАК 26.06. (петок)**

Дејствието се случува во мало гратче во Америка, а насловот на претставата е адаптација од оригиналот - чолак значи човек без една рака/невешт човек. Оваа претстава се занимава со табу-темата – нетрпеливост кон одредена полова определба.

**ЏОН ПИПЛФОКС 27.06. (сабота)**

Ова е претстава - мјузикл кој низ игра, музика, мечување и уште низа знаци, ја оживува приказната за храбриот капетан и неговата верна посада. Приказна за капетанот Џон Пиплфокс (со 72 рани, наречен и капетан Ѕвонец), кој за да си го поврати реномето добива задача да го убие крвожедното седмоглаво чудовиште во Кинеското море и да го спаси светот од тоа зло.

**СКАЛИ - 29.06 (понеделник)**

Претставата е трилер комедија од класичната новела на шкотскиот писател Џон Бјукен, а која филмски ја адаптирал холивудскиот режисер Алфред Хичкок, додека за театар ја прилагодил Патрик Барлоу. Претставата е посветена на создавање магија со театарски средства. Таа е ода на досетливоста, креативноста, фантазијата...

**Стендап комедија со Никола Тодороски и свечено доделување на наградите - 30.06 (вторник)**

# ЗАВРШИ ИЗГРАДБАТА НА НОВА УЛИЦА ВО МИЧУРИН


ПРЕД

Деновиве заврши изградбата на новата улица во најстарата населба во Општина Аеродром, Мичурин.

Станува збор за проект, кој опфати изградба на новата улица „Анастас Митрев 3“ што ги поврзува улиците „Венијамин Мачуковски“ и „Петар Ацев“, со целосно нова комунална инфраструктура.

Вкупната должина на новата улица изнесува околу 200 метри, а широчината 6 метри, согласно Деталниот урбанистички план.

Покрај новата улица се изградени и тротоари со широчина од по 1,5 метар од двете страни на улицата, како и нови линии за јавно осветлување. За овој проект Општина Аеродром издвои над 5 милиони денари од својот Буџет.


ПОТОА



АКТИВНОСТИ



# ПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ „ТОДОР ЧАНГОВ“ И „ГОРНО ЛИСИЧЕ“

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски и директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Александар Стојанов, на 5.6.2015 година го означија официјалниот почеток на реконструкција на двете најголеми улици во Горно Лисиче, „Тодор Чангов“ и „Горно Лисиче“.

Станува збор за проект, кој опфаќа обнова на коловозната конструкција на улицата „Тодор Чангов“, поточно од „Вардарска“ до „Ернест Телман“, додека улицата „Горно Лисиче“ ќе се реконструира од „12 Македонска бригада“ до црквата „Св. Петар и Павле“.

Вкупната должина на реконструкцијата што ќе ја опфати улицата „Тодор Чангов“ е околу еден километар и 630 метри, додека улицата „Горно Лисиче“ ќе биде реконструирана во вкупна должина од околу еден километар и 660 метри. Вкупната инвестиција за двете улици изнесува околу 18 милиони денари.

Реконструкцијата, исто така, ќе опфати и нивелирање шахти, како и санирање прекопи.

Покрај обновувањето на двете улици со нов асфалтен слој со широчина од околу седум метри, ќе се обноват и тротоарите со бекатон-плочки.

Со обновувањето на улиците во оваа населба, Општина Аеродром продолжува со предвидената динамика да ја подобрува состојбата на постојните улици, како и изградба на нови улици на нејзина територија.

## ПОЖАРНИКАРСКИ КРОС „ПОЖАРКО 2015“

# ООУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“ ПРВО МЕСТО ВО КАТЕГОРИЈА 500 МЕТРИ



На 19.5.2015 година на кејот на реката Вардар во близина на СЦ „Јане Сандански“ по осми пат се одржа пожарникарскиот крос-натпревар „Пожарко 2015“ за учениците од основните училишта од градот Скопје.

Најдобра на кросот од Општина Аеродром во конкуренција на категорија 500 метри женски беше Јана Митевска од ООУ „Лазо Ангеловски“, додека во категоријата 600 метри машки трето место освои Виктор Јордановски од ООУ „Димитар Македонски“.

Осмиот по ред традиционален пожарникарски крос се организира по повод 20 мај, денот на пожарникарството во Република Македонија во организација на Општинскиот противпожарен сојуз „Аеродром“ во соработка со Противпожарниот сојуз на Град Скопје.

# ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ЗА ДОНИРАЊЕ ОБЛЕКА

Во ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ изминатиов период се реализираше хуманитарна акција за донирање алишта по повод Европскиот ден за меѓугенерациска солидарност, во соработка со Здружението за меѓугенерациска солидарност „Доблест“.

Донацијата беше наменета за Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари, кој го посетуваат деца на возраст од 3 до 17 години, додека донираната облека за повозрасните лица беше донирана во „Мајка Тереза“.

Изразуваме голема благодарност до хуманите граѓани, кои се вклучија во хуманитарната акција.





## Пункт на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во Аеродром

# НАД 200 АЕРОДРОМЦИ СИ ГО ПРОВЕРИЈА СТАЖОТ



Пред седиштето на Општина Аеродром неодамна голем број граѓани беа задоволни што на брз и едноставен начин, во близина на својот дом, имаа можност да го проверат стажот на осигурување, податоците за платените придонеси, платите и други податоци.

На мобилниот пункт што беше поставен пред општинската зграда над 200 граѓани само со лична карта, преку непосредна комуникација со вработени во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Агенцијата за капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), Министерството за труд и социјална политика, како институции, кои во соработка со Општина Аеродром го реализираа проектот „Ден за вас“, извршија проверка на нивниот стаж на осигурување, како и одговори на други прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

Со проектот се овозможува навремено информирање на осигурениците за состојбата со стажот и платите, врз основа на кои се остваруваат правата од пензиското и инвалидско осигурување.

# ОТВОРЕНА ДИСПЕРЗИРАНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

На 28.4.2015 година во Општина Аеродром е отворена дисперзирана канцеларија на Центарот за вработување на град Скопје, со цел да се доближат услугите на Агенцијата за вработување на Република Македонија до невработените лица и работодавачите.

Локацијата на канцеларијата на Центарот за вработување на град Скопје е на бул. „Јане Сандански“ бр. 48/1-1 (зад Мекдоналдс).



# ГОЛЕМА АКЦИЈА ЗА **РАСЧИСТУВАЊЕ ШУТ И СМЕТ** НИЗ ОПШТИНА АЕРОДРОМ





Општина Аеродром во текот на пролетта реализираше голема акција за собирање на сметот и шутот што несовесни граѓани го фрлаат на недозволени места и надвор од контејнерите.

Во акцијата се собрани 40 тони смет и шут, а активностите ќе продолжат и во наредниот период сè додека не се исчисти целиот шут и смет од целата територија на Општината.

**Општина Аеродром апелира до граѓаните шутот и сметот да го одложуваат на соодветно место одредено за тоа, бидејќи фрлањето отпад на недозволени места ќе биде законски санкционирано.**

АКТИВНОСТИ

# **АВТОМАТСКИ ПРСКАЛКИ** ЗА ЗЕЛЕНИЛОТО ВО „13 НОЕМВРИ“ И **ПРОЛЕТНА „ГЕНЕРАЛКА“**



Изградениот автоматски систем за наводнување на зеленилото во населбата „13-ти Ноември“ е проект со кој јавното зеленило во овој дел од Општината, поточно паркот зад трговскиот центар „Три бисери“, ќе се наводнува со автоматски прскалки, кои ќе бидат штелувани да ја полеваат тревата во одредени периоди од денот. На површина од 25.000 квадратни метри се поставени околу 340 прскалки.

Исто така, во зеленилото е изграден и нов бунар, така што за наводнување ќе се користи исклучиво техничка вода. На тој начин ќе се штеди скапоцената вода за пиење, а тревата повеќе нема да се наводнува рачно со црева како до сега.

Со оваа инвестиција, за која Општина Аеродром издвои речиси 2 милиони денари од Буџетот, се очекува зеленилото да биде постојано свежо дури и во најтоплите денови.

Паралелно со оваа активност се одржа и пролетното чистење на Општина Аеродром, практика што секоја година Општина Аеродром ја реализира во соработка со Градот Скопје.

Општина Аеродром ангажира 120 сезонски работници и ги обезбедува неопходните алатки за редовно одржување на хигиената, но некои надлежности се поклопуваат со оние на Градот и неговите јавни претпријатија, па затоа се неопходни вакви заеднички акции.

„Со пролетната „генералка“ се зголемува квалитетот на услуги што ги даваат Градот Скопје и Општина Аеродром“, вели градоначалникот Ивица Коневски.

За таа цел, раководството на општинската администрација и претставници на урбаните заедници одржаа непосредна средба со претставници на градските јавни претпријатија, на која имаа можност директно да се посочат потребите на граѓаните и проблемите, со кои се соочуваат.

# РАБОТИЛНИЦА ЗА **ПРЕВЕНЦИЈА ОД ДРОГА**



Во Општина Аеродром неодамна се реализираше форум за подигнување на свеста за преземање активности (работилници, форуми, трибини, едукативни материјали) кои би дале придонес во превенција од употреба на droги кај младите.

Целта на овој форум е организирање разни активности за третман, ресоцијализација, помош и поддршка на лицата со проблематична употреба на дрога и членовите на нивните семејства преку вклучување на релевантните институции кои функционираат на територијата на општината (училишта, градинки, здравствени институции, полиција, невладини организации и др.).

Форумот кој е дел од проектот „Одржување ниска ХИВ преваленца во Република Македонија, одржлив развој“, е организиран во соработка со здружението „Доверба“, а поддржан од Министерство за здравство и Глобалниот фонд во Македонија,

Присутните претставници од институциите на форумот покажаа голем интерес за соработка и креирање програми во насока на превенција на употреба на дрога кај младите и родителите, како и активности насочени кон заштита од заразување со инфективен материјал (игли, шприцеви и сл.).

# **РАБОТИЛНИЦА** ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА **СОЦИЈАЛНА ПОМОШ**

Во просториите на ООУ „Блаже Конески“ неодамна во Општина Аеродром се организираше работилница наменета за корисниците на социјална помош, во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија и Центарот за социјални работи Скопје.

Целта на работилницата беше да се запознаат корисниците на социјалната помош за активните мерки коишто им стојат на располагање, но и да им се помогне за да можат да ги остварат своите права.

Покрај тоа на работилницата беа презентирани и активните мерки и програми коишто Владата на Република Македонија преку Агенцијата за вработување ги нуди за своите граѓани.







# СЕ БРОЈАТ **СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ** ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Изминатиов период на територијата на Општина Аеродром почна проект за пребројување на зградите и урабните заедници. При тоа во седумте реони, на кои е поделена општината, по двајца анкетари вршат посета и интервјуирање на претседателите на куќните совети, за на крај да се формира регистар на станбени згради и регистар на управители.

Целта на овој проект, кој се спроведува во соработка со УСАИД и Здружението за хумано домување Хабитат Македонија, е да се направи регистар на станбени згради во општината и да се воочи актуелната состојба на зградите. Ќе се утврди колку од зградите се енергетски ефикасни и на колку од објектите треба дополнително да се интервенира, со што ќе се подигне јавната свест за значењето на енергетската ефикасност.

# **ОПШТИНА АЕРОДРОМ** ЈА ОДБЕЛЕЖА **143 ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО** НА **ЈАНЕ САНДАНСКИ**



Со положување свежо цвеќе на споменикот Јане Сандански во истоимениот парк, на 18.5.2015 година, градоначалникот на Општина Аеродром ја одбележа 143-годишнината од раѓањето на овој голем македонски револуционер.

Свежо цвеќе на споменикот положија делегации на Општина Аеродром, на Советот на Општина Аеродром, на основните училишта и градинките на територијата на Општина Аеродром, како и делегации од други институции.

Јане Сандански кој бил познат како Сандан или Пирински цар, е роден на 18-ти мај 1872 година, а починал на 10-ти април 1915 година, на 43-годишна возраст, така што оваа година се одбележува 100 годишнина од неговата смрт. Бил голем противник на врховизмот и на бугарската завојувачка политика кон Македонија. Неговото дело го продолжиле неговите следбеници – сандантистите.

# АЕРОДРОМЦИ МЕЃУ ПРВИТЕ НА ПЛАНИНАРСКИОТ МАРШ ДО ВОДНО






Општина Аеродром се придружи кон традиционалното одбележување на Европскиот ден на знамето што се одржа на 9.5.2015 година, со планинарски марш до Водно, во организација на Европското движење на Република Македонија и Делегацијата на ЕУ, како дел од целокупната програма за одбележување на Денот на Европа.

Пред седиштето на ЕУ се изврши размена на знамињата на Република Македонија и на Европската унија меѓу претседателката на ЕДРМ, проф. д-р Милева Ѓуровска и претставникот на Делегацијата на Европската унија, Робин Лидл. Оваа размена е традиционална и има симболично значење.

Учесниците, кои ги имаше буквално од 7 до 77-годишна возраст тргнаа од седиштето на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и се упатија кон врвот на Водно, каде беа поставени двете знамиња. На планинарскиот марш на бројните планинари, активисти на Европското движење, студенти и други граѓани, им се придружија ученици и наставници од основните училишта во Општина Аеродром.

Како најиздржливи се покажаа учениците од основните училишта „Гоце Делчев“, „Лазо Ангеловски“, Браќа Миладиновци„ и „Димитар Македонски“, кои се искачија до врвот на Водно, каде присуствуваа на поставувањето на знамињата.

Освен церемонијалниот карактер, оваа манифестација има цел да го афирмира спортот и планинарските рекреативни активности, кои би требало во Република Македонија да бидат значително поразвиени, од тоа што се во овој момент, поради планинскиот карактер на нашата држава.











## Традиционален ликовен конкурс

# АЈДЕ ДА ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА!



На 12.5.2015 година Европското движење во Република Македонија (ЕДРМ) го заврши одбележувањето на Денот на Европа со Свечена академија во Младинскиот културен центар, на која меѓу другото беа доделени и наградите од детскиот ликовен конкурс на темата: „Ајде да патуваме во Европа“ што го организираа Општина Аеродром и ЕДРМ по повод 9-ти Мај, Денот на Европа.

Награди за освоено прво место добија **МИХАЕЛА ПАНДОВСКА** од градинката „Срничка“ објект Изворче во категоријата од предучилишна возраст, **МИА ГОРЧЕСКА** од III$^4$ од ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ во категоријата од одделенска настава и **ДЕСПИНА БЛАЖЕВСКА** од VI$^2$ од ООУ „Гоце Делчев“ во категоријата од предметна настава.

Исто така, беа доделени и две пофалници за ликовни творби, кои беа особено инспиративни и тоа од **САРА СЕРДАРСКА** („Срничка“) и **САРА АНДОНОВСКА** (IV$^1$ ООУ „Блаже Конески“).

Во изборот за најдобар цртеж учествуваа околу 1.000 ликовни творби пристигнати од детските градинки и од основните училишта на територијата на Општина Аеродром. Целта на оваа манифестација е не само да се развие детската уметничка креативност и инвентивност, туку и младата популација од Општина Аеродром да се приближи кон европските вредности.

На крајот на манифестацијата со пригодна кореографија настапија најмладите, децата од градинката „Срничка“, за кои, како што беше речено, се врзува иднината на општеството и кои доловија како изгледа иднината низ детска игра и освоија френетичен аплауз, насмевки и симпатии на публиката.



# ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

**ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.**

Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најотkачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk



„Небо" - Дијана Цветкоска



„Лисиче" - Дарко Димитров



„Црква Св. Илија" - Милена Мекич



„Крстот во Аеродром" - Тијана Блажевска



„Збогум градинке, добредојде училиште" - Методија Зафировски



„Виножито" - Никица Манџуковски



Преземено од ФБ профил - Аеродром најубаво место за живеење



„Пролет" - Василија Дончева

ОБРАЗОВАНИЕ

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ НА ЦВЕТНИОТ ФЕСТИВАЛ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

Децата од градинките и од основните училишта од Општина Аеродром учествуваа на вториот Скопски цветен фестивал што се одржа на 16-ти и 17-ти мај 2015 година во Градскиот парк под мотото „Следи ја играта на цветот – помести ги границите!“.



Учениците во Градскиот парк учествуваа во најразлични креативни работилници, се забавуваа со музика и аниматори, аеробик, цртаа и ја проследија изложбата на мини-градини од повеќе производители на цвеќе.

Фестивалот го организираше Град Скопје, односно ЈП „Паркови и зеленило“, а целта на манифестација беше да се промовира одгледувањето цвеќе и на едно место да се соберат љубителите на цвеќето и природата.

## ДЕЦАТА СЕ ГРИЖАТ СЕМЕТО ДА ИЗРАСНЕ ВО ДРВО



Во сите осум основни училишта и во двете детски градинки на територијата на Општина Аеродром успешно се реализираше акцијата „Садница плус“ во соработка со здружението „Ден на дрвото“ и Министерството за животна средина.

Учениците од основните училишта и децата од градинките насадија семиња од ела, кои ќе ги одгледуваат и ќе го следат нивното никнување и растење, со што ќе се придонесе да се развие одговорноста и еко-свеста кај децата.

Овие активности имаат едукативен карактер и имаат за цел децата преку сопствено искуство да покажат интерес за грижа за садење семиња, негување на садниците и дрвцата, зачувување на шумите, како и да се поттикне и постигне кај децата индивидуална одговорност, да се зајакне довербата, заедништвото и да се развие трпеливоста.

## „СРНИЧКИТЕ“ САДЕА ПИПЕРКИ И ДОМАТИ



Децата од градинката „Срничка“, објект „Изворче“, ги засадија првите насади на домати и пиперки, така што дел од дворот на градинката е прилагоден за садење и насадите се заштитени со фолија, што воедно овозможува различни растителни култури да се одгледуваат во текот на целата година. Децата ќе бидат вклучени во секојдневни активности за наводнување, плевење и други активности во процесот на одгледување. На тој начин директно ќе се запознаваат со процесот на одгледување на растенијата и ќе развиваат здрави навики за одржување на животната средина.

**ШЕСТООДДЕЛЕНКАТА КАРИНА МИТРЕВА ОД ООУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“ ОСВОИ ПРВО МЕСТО НА НАТПРЕВАРОТ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК „ХИПО“ ВО ИТАЛИЈА**



## УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ“ НАУЧИЈА ДА ШТЕДАТ ЕНЕРГИЈА



За учениците од четврто, петто и шесто одделение од ООУ „Димитар Македонски“ изминативе месеци се спроведе проектот за заштеда на електрична енергија во соработка со ЕВН Македонија.

Учениците низ игра научија како да штедат електрична енергија и нивното значење да го пренесат на своите врсници, родители, соседи, наставници...

Во завршниот дел на проектот тим од 5 ученици од училиштето учествуваше на квиз-натпревар во Струга и во конкуренција од 12 училишта го освоија првото место, а како награда добија таблет-компјутери за секој учесник од тимот.

## „ЕМ БАШКА, ЕМ БАРАБАР“ ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈА И НАСИЛСТВО

Учениците од ООУ „Блаже Конески“ и ООУ „Ѓорѓија Пулевски“, заедно со учениците од ОУ „Васил Главинов“ од Општина Чаир, неодамна учествуваа на училишниот проект против дискриминација и насилство „Ем башка, ем барабар“ во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија.



Целта на проектот е истакнување на соживотот меѓу најголемите етнички заедници во Македонија. Програмата беше проследена со неколку македонски, албански и еврејски песни, драматизација, литературно читање и балетски настап.

## ЛОГОПЕДСКА РАБОТИЛНИЦА ВО „БУБА МАРА“

Во градинката „Буба Мара“ неодамна се реализираше психолошко-логопедска работилница со деца од две до тригодишна возраст.



Низ игри и вежби пред огледало децата правеа движења со органите за говор (јазик, усни, долна вилица), дуваа меурчиња од сапуница, дуваа низ цевче со вода, препознаваа и покажуваа емоции за да се развие свеста за говорните органи.

## „БУБАМАРИТЕ“ ГО ОДБЕЛЕЖАА СВЕТСКИОТ ДЕН ПРОТИВ ПУШЕЊЕТО

Дечињата од градинката „Буба Мара“ со гледање едукативно видео и пароли против пушење го одбележаа Светскиот ден против пушењето, 31 мај, кој е планиран за реализација во рамки на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“.



Целта на оваа активност е децата да се запознаат со штетноста на цигарите, а впечатоците од видеото креативно ги пренесоа на лист хартија и изработуваа пароли со знакот против пушење.

**ДЕЧИЊАТА ОД „СРНИЧКА“ УЧЕСТВУВАА НА ЦЕРЕМОНИЈА ЗА СВЕЧЕНО МЕНУВАЊЕ НА ДРЖАВНОТО ЗНАМЕ ВО ВИЛАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЃОРГЕ ИВАНОВ**



## Театар: „Чолак“

# ЕДЕН СИ ЈА БАРА РАКАТА... ДРУГ СИ ЈА БАРА БЕЉАТА...

**Станува збор за човек, кому пред 27 години му била отсечена и украдена левата дланка и кој преку крајната сериозност во неговата потрагата по раката постигнува комичен ефект**









Драмски театар во април ја имаше првата премиера „Чолак“ од програмата за 2015-та година. Претставата е инспирирана од последниот текст на Мартин Мекдонах, еден од најбрилијантните драматичари на новото време. „Хитмејкерот“ Синиша Евтимов како режисер, ја одомаќини приказната, која совршено комуницира со публиката, а доказ за тоа е и преполниот салон на Драмски театар и публика која слатко се смее.

Станува збор за еден човек, на кој пред 27 години му била отсечена и украдена левата дланка, а потоа и продадена. Тој пак, сите тие години неуморно си ја бара назад, иако знае дека нема да може да ја користи. Но, и покрај тоа, тој мора да трага по неа, само поради тоа што, тоа му припаѓа нему, а некој му го земал.

Актерската екипа е составена од четворица актери, кои публиката несомнено ги сака и навива за нив. Улогата на Кара, човекот без рака (чолакот), ја игра Сашо Тасевски. Исфрустриран и параноичен, комичниот ефект го постигнува преку крајната сериозност на посветеноста во потрагата по раката.

Мартин, рецепционерот во хотелот, во кој се случува дејството на претставата го игра Рубенс Муратовски. Рецепционерот, кој всушност, и не е баш само рецепционер, ако го прашате него тој е еден од оние луѓе што секогаш се надевале дека во средно некој ќе влета и ќе пука по децата, а тој ќе биде херој и ќе ги спаси сите.

Има и две вљубени гулапчиња кои сакајќи да заработат малку „кеш“ се фаќаат во стапица, на која не ѝ се дораснати. Спектакуларните Филип Трајковиќ и Игор Стојчевски се оската, околу која се врти комедијата.

Всушност, целата приказна може да се објасни и вака:

**Еден си ја бара раката...**
**Друг си ја бара бељата...**
**Двајца си ја најдоа...**
**Смешно, пресмешно. Повелете!**





НЕКА НЕ ТЕ ЗБУНУВА
РАЗЛИКАТА МЕЃУ МОЈОТ КАРАКТЕР
И МОЕТО ОДНЕСУВАЊЕ.

•

МОЈОТ КАРАКТЕР Е ТОА ШТО СУМ ЈАС,
А МОЕТО ОДНЕСУВАЊЕ
ЗАВИСИ ОД ТОА ШТО СИ ТИ!

•

ЗА ДА ГИ ОСТВАРИШ СВОИТЕ СОНИШТА,
ПРВО РАЗБУДИ СЕ!










**ВИЦ НА МЕСЕЦОТ**

**КОМАРЦИ**

Ако е вистина дека само женските комарци касаат, кај мене во соба 100% е моминска вечер.



### Ph-вредноста важна за здравјето

# НА КЛЕТКИТЕ ИМ ТРЕБА ОД НЕУТРАЛНА ДО СЛАБО БАЗНА СРЕДИНА




**Тања Турунџиева**, нутриционист

**Нашите клетки по својата структура, дури и ако живееме здраво и јадеме здраво, имаат тенденција да се закиселат поради вообичаените, дневни активности и стрес. - Со Ph-вредност на скала од висока 6 до ниска 7 средина би биле здрави**

Секогаш велам дека здравата храна е основната база за добро здравје. Најважни елементи во исхраната е сразмерен сооднос и внес на нутритиви, коишто ќе прават метаболитичка рамнотежа. За нашиот организам да биде здрав треба да имаме добар имунолошки систем и важно е да ги внесуваме сите основни хранливи продукти. Станува збор за протеини, јаглехидрати, овошје, зеленчук и многу течности. Урамнотежената исхрана е, впрочем, единствена здрава исхрана која постои. Со урамнотежената исхрана се препорачува да се исфрлат сите преработени храни коишто во себе содржат емулгатори, вештачки бои, адитиви, итн. Пржената храна, исто така, влијае негативно врз нашето здравје. Таа дури може и да делува како потенцијален предизвикувач на карциноми. Барем половина од исхраната што ја внесуваме дневно треба да се состои од свежо овошје, салата и суров зеленчук. Секогаш варени житарки, риба, мешунки и сето тоа придружено со свежи салати. Оние коишто имаат здравствени проблеми, тешко се навикнуваат на свежите салати. Суровата храна содржи ензими кои со готвење може да се изгубат. Ние можеме да произведеме и сопствени ензими, ама треба да ги внесеме и преку суровата исхрана. Суровата храна е корисна, бидејќи го чисти организмот, го освежува, овозможува да имаме редовна столица, да немаме депресија, да го смирува умот, да го ревитализира телото, да го јакне имунитетот, да го одолговлекува стареењето, да ги подобрува менталните способности, да го намалува стресот, да ја чисти кожата, да ни ја зголемува издржливоста, да ја јакне косата и коските, а најважно од сè може да се користи како лек. Повеќето наши телесни течности и клетки побаруваат средина која ќе биде од неутрална до слабо базна (Ph-вредност на скала од висока 6 до ниска 7). Со ваква Rh средина би биле здрави. По својата структура, дури и ако живееме здраво и јадеме здраво, нашите клетки имаат тенденција да се закиселат заради вообичаените, дневни активности и стрес. Природата во својата бескрајна мудрост направила нашата природна исхрана да биде сочинета од базни овошја и зеленчуци за да ја неутрализира создадената киселост, односно киселина. Ако повеќе од нашата храна создава базна средина можеме лесно да живееме во рамнотежа или хомеостаза. Во секој случај, ако го наполниме нашето тело со неприродни извори на киселини, нема толкава количина на овошје и зеленчук кои можат да ни помогнат. Храната која е ставена на црна листа за создавање на кисела средна е:















- консумирање варена храна
- загреани масти
- храна од животинско потекло
- печени јаткасти плодови или печени семки.

Консумирање лоша комбинација на храна без разлика дали таа е варена или свежа:

- Пушење
- голем внес на кофеин
- пиење алкохол
- газирани пијалаци
- кафе или чај
- недостаток на вежбање
- недоволен одмор
- неспиење
- непрекинат стрес, страв, лутење, омраза или други негативни емоции.

Единствен здрав животен стил и создавање здравје го правиме со избалансирана исхрана. Основно правило е дека треба да имаме задолжително 3 оброка дневно. Овошјето, јатките и маслата секогаш треба да бидат застапени за време на појадокот. Ручекот треба да ни е задолжтелно протеин или јаглехидрат, а вечерите да ни бидат житарки, или, пак, само свежи салати. Како за крај индустриската исхрана го токсицира организмот. Внесувањето многу течности, особено вода е од големо значење од организмот. Пијалаците коишто во себе содржат многу конзерванси и вештачки аромати треба да бидат на црна листа. Секогаш треба да имаме избалансирана исхрана, природен внес на витамини и минерали.

И, за крај една информација, која ќе послужи како препорака за многумина, СМОКВАТА важи за најбазно овошје. За добро здравје секогаш здрава храна!

### Шокантни и интересни факти за најздодевните инсекти

# ЛУЃЕТО ШТО ПИЈАТ ПИВО „ОМИЛЕНА“ МЕТА НА КОМАРЦИТЕ

**Бзззззз... Бззззз...!!! Сите се ежиме од нивното зуење, кое често нè буди од летен пријатен сон. Стануваме, палиме светло и почнуваме со ловот на комарци. Честопати е премногу доцна и покрај тоа што по некое време ќе успееме да го уловиме, кога ќе забележиме дека сме каснати и чешањето полека почнува. Често и не размислуваме многу за тоа, но колку комарците се навистина опасни за луѓето?**



Постојат дури 3.500 различни видови комарци, но само неколку стотини од нив се хранат со човечка крв.



Ако ве каснал комарец, можете да бидете сигурни дека станува збор за женски комарец. На машките комарци доволни им се растенијата, но на женките им е потребен оброк од крв за да имаат сила да несат јајца.

Плунката на женските комарци содржи антикоагулат, која им овозможува полесно да цицаат крв. Имунолошкиот систем на нашето тело на плунката реагира со алергиска реакција, што е причина местото на убодот да отече и доаѓа до чешање.



Женките несат јајца во плитка вода, па дури и влажна почва. Ослободете се од стоечка вода во близина на вашиот дом за да се намали бројот на комарци, кои во вас гледаат топол и вкусен оброк.



Топлото попладне е времето кога најмалку се сретнуваме со комарци, кога температурите се највисоки и кога тие бегаат на постудени места.



Комарците ги привлекува јаглерод диоксид и млечна киселина, кои можат да се најдат во нашиот здив и нашата пот. Исто така, ја чувствуваат топлината и влажноста што го опкружуваат нашето тело.

Истражувањата покажаа дека ги напаѓаат луѓето, кои пијат пиво, поради нивниот здив и зголеменото лачење пот.



Некои научници тврдат дека целосна елиминација и истребување на комарците и не би била толку лоша работа, додека други тврдат дека последицата во целиот еко-систем би можела да биде катастрофална, бидејќи со нив се хранат пајаци, жаби, риби, гуштери и други инсекти.



Конечно, еден смешен факт е тоа е дека луѓето обично ги бојадисуваат своите куќи и станови на крајот на летото или почеток на есента, со цел да ги покријат трагите на загинатите комарци по ѕидовите.

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ГИ ПРОМОВИРА АКТИВНОСТИТЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**Општина Аеродром од предминатиот број почна континуирано да објавува текстови со коишто се промовира работата на невладините организации на нејзината територија со кои активно соработува**

На територијата на Општина Аеродром постојат повеќе невладини организации, како и организации со кои активно соработува. Во текот на изминатиот период беа промовирани следниве организации: АЛДА, ДОВЕРБА, ЗДРУЖЕНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ НА ГРАД СКОПЈЕ.

**Европската асоцијација за локална демократија – АЛДА** е невладина организација, која е посветена на промовирање на добро владеење и граѓанско учество на локално ниво. АЛДА посебно е фокусирана на активностите кои овозможуваат соработка меѓу локалните власти и граѓанскиот сектор.

**Здружението „Доверба“** е невладина организација за превенција од употреба на дроги и помош и поддршка на лицата и членови на нивните семејства во лекување, рехабилитација и ресоцијализација. Членови на здружението се лица кои успеале да го надминат проблемот, членови од нивните семејства, пријатели, стручни лица, како и лица кои сакаат да помогнат во надминување на проблемите од употреба на дрога. Преку реализација на бројни проекти здружението едуцира и информира за здравствените, социјалните и психолошките проблеми поврзани со употреба на дрога како што се ХЦВ, ХИВ/СИДА и инфекции преносливи по сексуален пат, за туберкулоза и друго, да влијае врз формирањето на ставовите за лицата со проблематична употреба на дрога и нивните семејства, како и во креирање на здравствената, социјалната и казнената политика.

**Здружението на социјални работници на град Скопје** е непрофитна, хуманитарна, невладина организација, чиишто цели вклучуваат развој на превентивни активности за спречување развој на состојби на социјален ризик кај граѓаните, унапредување и развој на професионалната етика. Активностите на здружението вклучуваат помагање на граѓаните кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик, унапредување и усовршување на стручните знаења на социјалните работници, подготовка на стручни помагала за унапредување на социјалната работа, следење на трендовите на социјалната работа во другите земји и иницирање нови форми на социјална заштита.

## РАБОТИЛНИЦИ ВО НОВООТВОРЕНАТА ЧИТАЛНИЦА ВО БЛАЖЕ КОНЕСКИ

Во текот на минатиот месец во соработка со асоцијацијата „Паблик“ во новоотворената читалница во основното училиште „Блаже Конески" се реализираа низа работилници со кои се поттикнаа младите да читаат, но и научија нови вештини. Овие активности се дел од кампањата за подигнување на читачката култура кај младата публика и се дел од проектот на **ЕВН Македонија** за поддршка на македонската литература и творештво. Идејата за отворање вакви читалници и целокупната заложба за поддршка на читачките навики се роди преку проектот на ЕВН „Создади книга“ во чиишто рамки се издадени три збирки раскази од 14 автори. Книгите се издадени за сметка на заштедената хартија од пријавените корисници за електронска фактура.

# БЕСПЛАТЕН ЗУМБА ЧАС КАЈ АВИОНЧЕ!




На 14.6.2015 (недела) од 18:30 часот во паркот со авион „Аеродром“ во Ново Лисиче во непосредна близина на кафулето „Еври деј кофи шоп“ (поранешно „Мамбо“), фитнес клубот „Фит уан“ во соработка со Општина Аеродром организира бесплатен ЗУМБА фитнес час. Целта за овој забавен ЗУМБА час е да се означи почетокот на летната сезона на еден интересен, весел, енергичен и поразличен од другите часови.

На бесплатниот ЗУМБА час кај познатото авионче може да се придружат и да ја поделат ЗУМБА енергијата љубителите на ЗУМБА, фитнес и латино звуците без оглед на возраст и пол.

Дрес кодот е весели бои или ЗУМБА облека, а по часот дружењето може да продолжи во паркот.

Доколку има интерес во текот на летото ќе се организираат уште вакви бесплатни зумба часови кај познатото авионче.

# БЕСПЛАТНИ ЈОГА ЧАСОВИ ВО ПРИРОДА

Голем број љубители на јога на 23.5.2015 година во зеленилото пред ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ учествуваа на бесплатниот јога час во природа што го организираше јога клубот „Тара“.

Цел на иницијативата за јога во природа е дружење и рекреација во духот на јогата, здрав и енергичен почеток на денот, едукација, но и јога достапна за сите заинтересирани лица без оглед на возраст или пол.

Јога часот се состоеше од вежби за истегнување, јога положби, техники за дишење и кратка медитација.

Со оглед на големиот интерес, јога клубот „Тара“ најави уште вакви бесплатни јога часови во наредниот период.




# АЕРОДРОМЕЦ СО ТРОМБОН ЈА ОСВОЈУВА ХРВАТСКА



Младиот тромбонист Марио Јанковиќ од Аеродром, кој веќе две години студира на Музичката академија во Загреб, неодамна се стекна со две значајни признанија во Хрватска. Најпрво, тој беше избран од Музичката академија во Загреб да настапи како солист со симфонискиот воен дувачки оркестар на Република Хрватска, а потоа ја освои првата награда на меѓународниот натпревар на дувачки инструменти во Вараждин, Хрватска.

Ова не се први признанија за талентираниот тромбонист Марио, кој досега има освоено неколку први награди и специјални први награди како солист како дел од камерни ансамбли, меѓу кои најмногу се истакнуваат двете први награди на два меѓународни фестивали во Белград, Србија.

## МАЌЕДОНСКИОТ ТЕНИС СЕРИОЗНО ТРЕБА ДА СМЕТА НА АЕРОДРОМКАТА МАРИЈА ЕЛЕНОВА



Македонскиот тенис сериозно треба да смета на талентот на аеродромката Марија Еленова, тврдат дел од македонските медиуми. Таа е родена 2000 година, а тенис почнува да игра на осумгодишна возраст. На десетгодишна возраст познатата тениска тренерка Јелена Генчич од Белград (која има откриено бројни таленти како Моника Селеш и Новак Џоковиќ, а сега е покојна) ја препознава како тениски талент и ја поканува да тренира со неа во Белград и во тој период ги постигнува најдобрите резултати.

Освојува три турнири до 12 години во Маглие, Италија, Предор, БИХ и Прокупље, Србија.

На 14 години освојува турнир во Скопје, а во моментов е на турнири со тимот во Италија во Фолигно и Милано на турнир до 16 години и ќе учествува во Тунис на два турнира до 18 години.

За репрезентацијата на Република Македонија има учествувано на европско првенство до 14 години, а беше дел од македонската репрезентација на Фед Куп, кој се одржа во мај оваа година и освои победа во сингл и дабл.

## УЧЕНИК ОД ООУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“ ДРЖАВЕН ПРВАК ВО ПЛИВАЊЕ

Давор Петровски, ученик во ООУ „Лазо Ангеловски“, е државен првак во скоро сите категории во пливање, а има освоено околу 150 медали, од кои најголем број се златни.

Овој период се подготвува за учество на Комен купот, кој ќе се одржи во Грција, како член на репрезентацијата на Република Македонија и ќе се натпреварува на 100 и на 200 метри делфин или пеперутка стил, како и 200 и 400 метри мешано.



## ДЕТСКИ ЛЕТЕН КАМП НА МЗТ



„МЗТ Скопје - Аеродром“ организира детски летен кошаркарски камп од 11.6. до 24.6.2015 година на терените во Спортскиот центар „Ново Лисиче“.

Во текот на петнаесетте дена во летниот кошаркарски камп за децата-учесници е обезбедено возбудливо летно спортско доживување, незаборавни денови поминати во дружење и забава со најдобрите кошаркари од сениорскиот тим на МЗТ, како и усовршување на техниките на игра.

Исто така, е организирано натпреварување еден на еден, тројца на тројца, како и слободни фрлања и шутирање тројки, а за најдобрите дрес и пехар за постигнатиот успех.



СПОРТ

### Продолжува „сино-белата“ доминација со македонската кошарка

# МЗТ ПО ЧЕТВРТИ ПАТ ЕДНОПОДРУГО ГО ОСВОИ ШАМПИОНСКИОТ ПЕХАР

**МЗТ ја „сефтоса“ првата сезона во новата сала „Јане Сандански“ со титула за сезоната 2014/15, освоена во финалниот плеј оф против Куманово со 3:0**





Екипата на МЗТ Скопје - Аеродорм и оваа сезона, четврти пат во низа, успеа да ја освои титулата во домашното кошаркарско првенство. Овојпат со чисти 3:0 во финалната серија против Куманово. Четири години едноподруго се менуваат ривалите на МЗТ Скопје во битката за тронот и четири години едноподруго титулата останува во Аеродром. Низа за историја за чие продолжување „металците“ се погрижија на 2-ри јуни на свој терен (пред повеќе од 3000 верни навивачи и симпатизери) со победата од 94:85 над Куманово. Триумф со кој финалната серија ја заврши во минимални три натпревари. Целата работа тимот на Алеш Пипан ја заврши во првото полувреме кое го доби со 21 поен разлика (59:38).





## ЗАШТИТЕТЕ ЈА ФОНТАНАТА ОД НЕСОВЕСНИ ДЕЦА!

**Почитувани,**
Најнапред сакам да Ви се заблагодарам за уредувањето на паркот на улица „Бојмија“. Фонтаната е прекрасна и го разубавува целиот простор. Во последно време таа е предмет на уништување од страна на десетина деца, кои секојдневно ја користат за капење во пладневните часови. Би ја замолил Општината, во рамките на своите можности, да преземе мерки за заштита на овој скап објект.
**Поздрав,**
**А.А.**

**Почитувани,**
Вашето барање е доставено до нашето Одделение за инспекциски работи. Тие веднаш ќе излезат на терен и ќе направат увид на самото место, по што ќе ги преземат сите неопходни заштитни мерки што се во наша надлежност.
**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## ИМЕТО НА УЛИЦАТА „ВЛАДИМИР КОМАРОВ“ Е ПРОМЕНЕТО ВО „23 ОКТОМВРИ“

**Почитувани,**
Ми треба информација дали името на улицата „Владимир Комаров“ е променето во „23 Октомври“? При сликање за лична карта од МВР ми рекоа дека во личната карта ќе стои новото име. Ако е променето името во ред, меѓутоа известете ме поскоро доколку е грешка да реагирам во службата што ги издава личните карти. П.С. Промената ми треба, бидејќи ќе запишам дете во прво одделение, а во училиштето сè уште го користат старото име.
**П.П.**

**Почитувани,**
Промената на режимот на имињата на улиците и булеварите во градот Скопје ги врши администрацијата на Град Скопје, Сектор сообраќај. Од неодамна името на улицата „Владимир Комаров“ е сменето во улица „23 Октомври“, а проблем при упис на Вашето дете нема да имате.
**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## УРЕДУВАЊЕ НА БЛОКОВСКОТО ЗЕЛЕНИЛО СЕ ВРШИ ПО ОДНАПРЕД УТВРДЕНА ДИНАМИКА

**Почитувани,**
Јас како и моите соседи од мојата и од соседните згради на улица „Бојмија“, искрено многу сме задоволни од грижата и урбаното живеење во нашата општина. Имаме разбирање за ангажманите и многуте активности што ги изведувате. Ве молиме тревниците околу фонтаната меѓу зградите да бидат искосени. Ние пред нашата зграда тоа веќе го направивме викендов. Но, не сме во можност самите тоа да го сториме и во паркот околу фонтаната. Навистина не можеме да се пожалиме за претходните години, затоа што навремено и редовно беа искосени. Во моментов тревата е доста голема, сигурни сме дека тоа ќе биде сторено во најсоодветниот момент.
**Со почит, жителите од Бојмија на Општина Аеродром**
**К. Г.**

**Почитувани,**
Вашето барање е доставено до нашето Комунално одделение. Од таму Ве известуваат дека тревата ќе се коси по однапред определен редослед и наскоро ќе биде искосен и овој дел од општината.
**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## СЕКОЈ ВРАБОТЕН ИМА ЗАМЕНА КОГА Е НА ОДМОР

**Почитувани,**
Убаво е што одржувате предавања на различни теми, меѓутоа покрај вакви убави работи морав да Ви пишам и за еден голем недостаток на Општина Аеродром. Ако еден службеник, на пример, од Архива е на боледување или одмор, нема кој да го замени. Едноставно мораме да го чекаме со недели тој да се врати или ако ни треба некој документ треба ли да го чекаме со месеци?
**Со почит,**
**Б.С.**

**Почитувани,**
Секој вработен во Општина Аеродром има замена кога е на одмор или боледување, односно го заменува некој друг вработен во негово отсуство.
**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

| | |
|---|---|
| Итна медицинска помош | 194 |
| Пожар и елементарни непогоди | 193 |
| Центар за известување и тревожење | 195 |

### Градинки

| | |
|---|---|
| Срничка | 2455 512 |
| Буба Мара | 2434 530 |

### Основни училишта

| | |
|---|---|
| Блаже Конески | 2469 746 |
| Браќа Миладиновци | 2460 479 |
| Ѓорѓија Пулевски | 2455 510 |
| Љубен Лапе | 2450 220 |
| Лазо Ангеловски | 2430 324 |
| Димитар Македонски | 2440 011 |
| Гоце Делчев | 2438 288 |
| Александар Македонски | 6152 513 |

### Средни училишта

| | |
|---|---|
| Владо Тасевски | 2464 123 |
| Димитар Влахов | 2464 590 |
| Марија Кири Склодовски | 2452 189 |

### Библиотеки

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2466 474 |
| Кирил Пејчиновиќ | 2450 449 |
| Рајко Жинзифов | 2443 450 |

### Цркви

| | |
|---|---|
| Света Тројца | 2763 337 |
| Свети Петар и Павле | 2439 722 |
| Свети Пророк Илија | 2460 825 |

### Полиција 192

| | |
|---|---|
| ПС Аеродром | 2432 362, 3142 408 |
| ПС Драчево | 2763 330, 2794 111 |
| ПС Кисела Вода | 3223 410, 3142 403 |

### Амбуланти

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Лисиче | 2440 810 |
| Пелагонија | 2460 478 |

### ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| | |
|---|---|
| Централа | 2400 970 |
| Пријавница | 2401 511 |
| Контакт со граѓани | 2401 555 |
| Локален економски развој | 2401 542 |
| Правна служба | 2401 556 |
| Човечки ресурси | 2401 538 |
| Легализација на бесправни објекти | 2401 528 |
| Урбанизам | 2401 529 |
| Урбанистички планови | 2401 529 |
| Осветлување | 2401 533 |
| Комунална инспекција | 2401 521 |
| Градежна инспекција | 2401 521 |
| Инспекција за домување | 2401 521 |
| Финансии | 2401 513 |
| Буџет | 2401 536 |
| Сметководство | 2401 535 |
| Даноци, такси и други приходи | 2401 537 |
| Данок на имот | 2401 553 |
| Јавни набавки | 2401 548 |
| Образование и култура | 2401 517 |
| ИТ | 2401 530 |
| Социјална заштита | 2401 518 |
| Архива урбанизам | 2401 525 |
| Совет на Општина Аеродром | 2401 512 |
| Инспекција | 2401 522 |
| Животна средина | 2401 552 |
| Комунално одделение | 2401 532 |
| | 2401 534 |
| | 2401 540 |

### Јавно осветлување

| | |
|---|---|
| ЕВН | 3205 000 |
| „Елтра“ | 2763 838 |

### Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП „Водовод и канализација“ | 2443 129 |
| | 2469 844 |
| ЈП „Паркови и зеленило“ | 2464 272 |
| ЈП „Комунална хигиена“ | 3216 644 |
| | 075/506 090 |
| Оџачарски услуги | 2440 293 |

# РЕПЕРТОАР НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА „ГОЛА МЕСЕЧИНА“ 2015

1. **СТЈУАРДЕСИ** од Марк Камолети, режија Синиша Евтимов, Театар Комедија - **20.06.** (САБОТА)

2. **ДАМИТЕ БИРААТ** од Ентони Мекартен и Стефан Синклер, режија Адмир Гламочак, АЛТТЕАТАР Сараево, Република Босна и Херцеговина - **21.06.** (НЕДЕЛА)

3. **СПАНАЌ СО ПРЖЕНИ КОМПИРИ** од Золтан Егреши, режија Ненад Витанов, Народен театар „Џинот“, Велес - **22.06.** (ПОНЕДЕЛНИК)

4. **ШУМА ОД ОСТРОВСКИ**, режија Драгана Таневска, НУЦК „Антон Панов“, Струмица - **23.06.** (ВТОРНИК)

5. **ОД КОЛ НА КОЛ** од Реј Куни, режија Коле Ангеловски, Народен театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп - **24.06.** (СРЕДА)

6. **ЧОЛАК** од Мартин Мекдонах, режија Синиша Евтимов, Драмски театар, Скопје - **26.06.** (ПЕТОК)

7. **ЏОН ПИПЛФОКС** од Душан Радовиќ, режија Коле Ангеловски, Драмски театар, Скопје - **27.06.** (САБОТА)

8. **39 СКАЛИ** од Џон Бјукен, Алфред Хичкок, Патрик Барлоу, режија Нина Клефин, Народно Позориште Тузла, Република Босна и Херцеговина - **29.06.** (ПОНЕДЕЛНИК)

9. СТЕНДАП ВЕЧЕР СО НИКОЛА ТОДОРОСКИ – Свечено доделување на наградите - **30.06.** (ВТОРНИК)

**ПОЧЕТОК: 21:00 ЧАСОТ**
**ЛОКАЦИЈА: ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ДО ГРАДИНКАТА "СОНЦЕ"**
**РЕОНСКИ ЦЕНТАР АЕРОДРОМ**
**ВЛЕЗ: СЛОБОДЕН**